Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 57 -та седница одржана на ден 17.12.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-4028 од 2021 година со наводи за прекршување на законските одредби во изборен процес, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување поради тоа што во предметниот случај, а по барање на ДКСК, постапено е од друг надлежен орган и е констатирано дека наводите не се потврдени.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страната на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-4028 од 2021 година е оформен по пријава број 12-4028/1 од 20.10.2021 година, поднесена до ДКСК од познат подносител – „---------- --- ------------ -- ---------------", со наводи за прекршување на законските одредби во изборен процес - Локални избори 2021 година. Имено, наводите во пријавата се против директорот на Завод за нефрологија - дијализа Струга, поради склучување на договори за дело и вработување на лица на определено работно време во период на официјално започната изборна кампања, а од кои се барало противуслуга да гласаат за лице - кандидат за градоначалник на општината, што според подносителот на пријавата било спротивно на Изборниот законик.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, ДКСК достави барање до Државниот инспекторат за труд, да постапи во рамките на своите законски надлежности и да изврши вонреден инспекциски надзор во предметната јавна здравствена установа а по однос на законитоста на пријавените постапки за ангажрање и вработување на лица. По барањето на ДКСК е постапено и добиени се информации со прилог документација а од увидот во прибавената документација констатирано е следново:

-За пријавениот случај извршен е вонреден инспекциски надзор и изготвен е записник во кој е констатирано дека одговорното лице на ЈЗУ склучило договори на дело со 10 лица во период на одржување на локалните избори 2021 година. Констатирано е дека договорите се продолжение на претходно склучените договори на дело од 04.08.2021 година. Во моментот на вршењето на надзорот било констатирано дека со истекот на рокот на важење на овие договори на дело, престанало и нивното важење заклучно на ден 31.10.2021 година.

- Извршен е увид во Деловодната книга кај правниот субјект и е констатирано дека од 01.11.2021 година до моментот на вршење на инспекцискиот надзор кај правниот субјект нема

нови договори на дело со овие лица. Воедно, од страна на раководното лице било изјавено дека во предметната ЈЗУ во м. Ноември 2021 година нема започнато постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работниот однос, а исто така нема склучени други договори на дело со други лица и немало вработени лица со заснован работен однос на определено време.

- На крајот од известувањето, државниот инспектор за труд известува дека на правниот субјект за сторената повреда на чл.34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ќе му се издаде Решение согласно чл.258 од Законот за работни односи.

Со оглед на погоре констатираното, ДКСК утврди дека по однос на пријавените наводи, по барање на ДКСК е постапено од страна на друг надлежен орган и од негова страна се преземени соодветни дејства - за констатираната повреда на закон ќе му се издаде Решение на правниот субјект а со што е постигнат ефектот од постапувањето на ДКСК по предметниот случај, по што ДККС одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до:
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК